**20140962755**

**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**

Врз основа на член 81 став (6) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13. 187/13 и 43/14), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА МЕТОДИТЕ ЗА ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ И ЗА ВРШЕЊЕ НА АНАЛИЗИ, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ И МЕТОДИТЕ НА ПОТВРДА ИЛИ РЕФЕРЕНТНИТЕ МЕТОДИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ВО СЛУЧАЈ НА ОСПОРУВАЊЕ (СУПЕРАНАЛИЗА) НА МЛЕКОТО (*)

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат методите за земање на примероци и за вршење на анализи, вклучувајќи ги и методите на потврда или референтните методи кои се користат во случај на оспорување (суперанализа) на млекото.

Член 2

(1) Земањето на примероци за вршење на анализи на сурово млеко се врши по редоследот пропишан во член 6 од Правилникот за начинот на чување на суровото млеко и земање примероци за анализа и суперанализа, содржината, формата и начинот на пополнување на записникот, методите за анализа на суровото млеко, начинот на класирање и метод на вреднување на суровото млеко, како и начинот на вршење на обуката и програмата за вршење на обуката за контролори.

(2) По исклучок од став (1) од овој член, земањето на примероци за вршење на анализи на сурово млеко се врши од страна на, или во име на операторите кои произведуваат млеко, операторите кои собираат или преработуваат млеко, група на оператори или во рамка на шема за контрола согласно членовите 18 и 19 од Правилникот за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото и млечните производи (*[1]).

Член 3

(1) Испитувањата за исполнетоста на барањата за бројот за соматски клетки и бројот на микроорганизми во сурово млеко се врши со референтни методи согласно член 9 точка г) алинеја 1 и точка д) алинеја 1 од Правилникот за начинот на чување на суровото млеко и земање примероци за анализа и суперанализа, содржината, формата и начинот на пополнување на записникот, методите за анализа на суровото млеко, начинот на класирање и метод на вреднување на суровото млеко, како и начинот на вршење на обуката и програмата за вршење на обуката за контролори.

(2) За испитувањата за исполнетоста на барањата за бројот за соматски клетки и бројот на микроорганизми во сурово млеко можат да се употребуваат и алтернативни аналитички методи, како што се:

(*)Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата на Комисијата (ЕЗ) бр. 1664/2006 од ноември 2006 година за изменување на Регулативата (ЕЗ) бр. 2074/2005 во однос на мерки за спроведување за одредени производи од животинско потекло наменети за исхрана на луѓето со кои се укинуваат одредени мерки за спроведување (CELEX број 32006R1664).

1) за број на колонии на 30◦C, кога методите се валидирани во однос на референтниот метод од став (1) точка 1) на овој член во согласност со протоколот пропишан со EN/ISO 16140 или други слични меѓународно признати протоколи. Односот на конверзија помеѓу алтернативниот метод и референтниот метод од став (1) точка 1) на овој член е воспоставен со стандардот ISO 21187:2004 и

2) за бројот на соматски клетки, кога методите се валидирани во однос на референтниот метод од став (1) точка 2) на овој член во согласност со протоколот пропишан со ISO 8196 и кога се работи во согласност со стандардот 13366-2 или други слични меѓународно признати протоколи.

Член 4

(1) За одредување на активноста на алкална фосфатаза, како референтен метод треба да се примени стандардот МК/ISO 11816-1.

(2) Активноста на алкалната фосфатаза се изразува како милиединици на активност на ензимот во литар (mU/l). Единица на активност на алкална фосфатаза е износот на ензимот алкална фосфатаза кој врши каталитичка трансформација на 1 микромол на супстрат во минута.

(3) Тестот на алкална фосфатаза треба да даде негативен резултат доколку мерените активности во кравјо млеко не се повисоки од 350 mU/l.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-2727/8
9 јуни 2014 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски,** с.р.

(*[1]) Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата (ЕЗ) бр. 853/2004 на Европскиот Парламент и Советот од 29 април 2004 година за утврдување на посебни хигиенски барања за храна од животинско потекло (CELEX број 32004R0853).